Република С. Македонија
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр.22-631/34
18.11.2022 година
Ранковце

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за Урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2020), Градоначалникот на општина Ранковце го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

**за организирање на повторена Јавна презентација и Јавна анкета по предлог Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце**

Повторената јавна анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 05.12.2022 година до 20.12.2022 година секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи заштита на животната средина,лер и јавни дејности при општина Ранковце.

Предлог Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце ќе биде изложен на печатени плакати и соопштенија на огласна табла во зградата на општина Ранковце, во населеното место Гиновци на продавница „Мива Градба", во информацискиот систем е-урбанизам и во просториите на општината Ранковце.

Јавната презентација за Предлог Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце ќе се одржи на ден 14.12.2022 година со почеток во 12,00 часот во големата сала на општината Ранковце.

Планскиот опфат кое е предмет на уредување на Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце зафаќа површина од 5,31 Ха и неговата местоположба е ограничена на површина на к.п.бр.912, 913, 914, 915, 916, 917, 918 и 918 КО Гиновци, во делот на локалитетот над живинарска фарма во с. Гиновци.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Ранковце и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставaт писмени забелешки преку анкетните листови или забелешки во електронска форма преку информацискиот систем на е-урбанизам.

Изработил:
Моме Крстевски, д.г.и

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2022.11.18 09:00:40 +01'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2022.11.18 09:08:28 +01'00'